**Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе**

**,,Отворена порта"**

**тел:+389 2 2700107 email:** lastrada@lastrada.org.mk www.lastrada.org.mk

## Повик за ангажирање на
## МОДЕРАТОР
## и организирање на слободното време на
## МЛАДИНСКИ КАМП

**21-25.02.2019, Крушево х. Монтана**

Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена порта / Ла Страда ќе спроведува 5 дневен Младински Камп, кој е наменет за 12те тимови на млади чии што предлози за локални младински кампањи се избрани на конкурсот „Повик за Локални Младински кампањи''.

Целта на Младинскиот Камп е учесниците се стекнат со проширени знаења за трговија со луѓе и воедно да ги развијат своите капацитети и знаења за подготовка и спроведување на успешни младински локални кампањи. По спроведувањето на Младинскиот Камп се очекува тимовите да ги спроведуваат нивните кампањи на локално ниво.

Цел на услугите на модераторот:
Да придонесе за подобрување на тимската работа помеѓу учесниците на младинскиот камп и да обезбеди кохезија, ефективна комуникација, мотивација и поддршка на членовите од тимот за заедничко иницирање и спроведување на младинските кампањи.

Опсег на работа и клучни задачи:
Бараме искусен професионален обучувач за следниве главни задачи:

- Да се развие програма за испорака на рекреативниот и забавниот дел во периодот на реализација на Младинскиот Камп.
- Да ја сподели програмата со организаторите. Организаторите го задржуваат правото да направат промени во предлогот.
- Да примени креативни и иновативни методи во контекст на младински активизам, поттикнување за преземање на иницијативи за делување, промовирање на лидерството, флексибилност за промена, решавање на проблеми.
- Да спроведи модерирање на одредени заеднички сесии во рамките на Младинскиот Камп.
- Да има интерактивен пристап со учесниците (примена на игри за загревање и раздвижување, тимска работа, рефлексија на денот и др.)
- Креативно да го организира слободното време на учесниците (музика, караоке, натпреварувачки и друштвени игри и др.)

- Спроведување на активности на отворено со цел членовите на тимот да се запознаат подобро, да ја зголемат довербата меѓу нив.

Активностите треба да ја промовираат тимската работа, да поттикнуваат позитивна комуникација и поврзување меѓу младите и да ја зголемат соработката и креативноста, при тоа да се внимава на принципите на еднаквост, недискриминација и интеграција на сите учесници.

- Да изготви извештај за Младинскиот Камп и да го сподели со организаторите не подоцна од 15.03.2019 година. Извештајот треба да биде напишан на англиски јазик и според следнава структура: Контекст на активноста; Цели; Учесници; Развој на кампот; Методологија; Евалуација; Заклучок и препорака;

## Квалификации

Потенцијално заинтересирани кандидати за пожелно е да имаат:

- Најмалку 3 години професионално искуство во спроведување на обуки за градење на тим, спроведување на рекреативни активности и организирање на слободно време на млади.
- Да поседува вештини за креативност, анимација и рекреација.

## Испораки

Модераторот треба да го обезбеди следново:

**Прв сет на испораки кои треба да се достават една недела пред почетокот на кампот (Фаза 1):**

- Програма за кампот;
- Работен материјали за учесниците, вежби, активности ;
- Прашалник за собирање повратни информации од учесниците во однос на кампот.

**Втор сет на резултати (фаза 2):**

- Испорака на услуги за пет дена ( 21 -25 февруари) од младински камп;
- Извештај од реализираните активности од младинскиот камп.

Сите документи треба да бидат обезбедени во електронска форма.

## Проценетите трошоци

Модераторот ќе биде избрани врз основа на пристапот "најдобра вредност за парите". Таа / тој ќе се плаќа по успешното завршување на задачите / доставувањето на испораките преку банкарски трансфер.
Отворена порта го задржува правото да го задржи целиот или дел од плаќањето, ако работата е незадоволителна, ако работата / резултатите се нецелосни, не се испорачани или не се исполнети роковите.

## Како да аплицираш

Сите заинтересирани модератори треба да достават кратка биографија, нацрт план на обуката и очекуван буџет на: stojne@lastrada.org.mk до: 13 февруари 2019 , 17: 00 часот. CET.
Заинтересираните можат да аплицираат поединечно или во тим.

Отворена Порта обезбедува еднакви можности и фер и правичен третман при вработување/ангажирање на сите луѓе без оглед на раса, религија, пол, националност, возраст, политичка припадност, брачен статус или сексуална ориентација.